РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 09-1007/1
14.07 2023 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 11 став 3 од Колективен договор за вработените во општина Богданци бр.03-968/1 од 02.07.2021 година, а во врска со дадена согласност од претседателот на Синдикалната организација при општина Богданци бр.03-1005/1 од 14.07.2023 година, Градоначалникот на општина Богданци на ден 14.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ОПШТИНА БОГДАНЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 17.07.2023 ГОДИНА ДО 31.08.2023 ГОДИНА

## Член 1

Распоред на работното време во општина Богданци за периодот од 17.07.2023 година до 31.08.2023 година, се утврдува со почеток на работното време во 07:00 часот и завршеток на истото во 15:00 часот.

## Член 2

Паузата во текот на дневното работно време во општина Богданци од член 1 од оваа одлука, ќе се користи од 10:30 до 11:00 часот, во вкупно времетраење од 30 минути.

## Образложение

Согласно член 11 став 3 од Колективен договор за вработените во општина Богданци бр.03-968/1 од 02.07.2021 година, „за промена на работното време, Градоначалникот донесува Одлука за утврдување на работното време, а во согласност со синдикатот."

До сите вработени во општина Богданци беше доставено барање по меил да се изјаснат дали се согласуват поради тропските горештини и високиот УВ фактор од понеделник 17.07.2023 година, работното време да биде од 07:00 до 15:00 часот.

Од вкупно вработените во општина Богданци, мнозинството од вработените односно вкупно 18 лица се изјасниле за промена на работното време од 07:00 до 15:00 часот почнувајќи од 17.07.2023 година. Останатите се намат произнесено.

За истото согласност има дадено од претседателот на синдикалната организација при општина Богданци. Врз основа на ова се донесе следната одлука за распоред на работното време во општина Богданци во периодот од 17.07.2023 година до 31.08.2023 година.

**Градоначалник**
**општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БОГДАНЦИ